КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА РС МАКЕДОНИЈА
KARATE FEDERATION OF N. MACEDONIA

Жиро сметка 300000000727536 ДБ 4030001413865 Комерцијална банка - Скопје
Столтенбергова бр.1 1000 Скопје, Членка на Светската карате федерација WKF;
Европската карате федерација EKF и Карате федерацијата на Балканот KFB.
Тел/факс. ++ 389 2 32 24 994; www.kfm.com.mk; e-mail:contact@kfm.com.mk

Врз основа на член 37 став 1 алинеја 8 од Статутот на Карате федерацијата на РС Македонија, Извршниот одбор на својата седница одржана на ден 01.04.2023 година, ја донесе следната

ОДЛУКА

1. СЕ ОПРЕДЕЛУВА висината на надоместок на судиите ангажирани на Државните и клубски првенства од Календарот на натпревари на КФРСМ и тоа:
   - дневниот надоместок за ангажирање на судија кој е акредитиран со Светска судиска лиценца (СКФ), на националните државни и клубски натпревари ќе изнесува 6.150,00 денари;
   - дневниот надоместок за ангажирање на судија кој е акредитиран со Европска судиска лиценца (ЕКФ), на националните државни и клубски натпревари ќе изнесува 4.600,00 денари;
   - дневниот надоместок за ангажирање на судија кој е акредитиран со Балканска судиска лиценца (БКФ), на националните државни и клубски натпревари ќе изнесува 3.080,00 денари;
   - дневниот надоместок за ангажирање на судија кој е акредитиран со Национална судиска лиценца (НКФ), на националните државни и клубски натпревари ќе изнесува 2.150,00 денари;
   - дневниот надоместок за ангажирање на записничар, на националните државни и клубски натпревари ќе изнесува 1.550,00 денари;

2. Ангажманот на членовите на судиската комисија и на записничарите на Плеј оф натпреварите ќе биде без надоместок. На Плеј оф натпреварите ќе биде исплаќан само трошокот за превоз од местото на живеење до местото на одржување на натпреварот, согласно висината на повратен билет на автобуска карта.

3. Надоместоците за превоз на сите службени лица ангажирани на националните државни првенства и клубски првенства од Календарот на натпревари на КФРСМ да се исплаќаат согласно актуелните цени на повратен автобуски билет.

4. Се задолжува стручниот соработник на КФРСМ да изврши утврдување на актуелните цени на повратен автобуски билет од местото на живеење на членовите на судиската комисија и на записничарите до местото на одржување на натпреварот и истите да ги достави до Натпреварувачката комисија и објави на ВЕБ страната на Федерацијата.

5. Одлуката стапува на сила по нејзиното потпишување.

Карате федерација на РС Македонија,
Претседател,
Петар Белистојаноски

_____